# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

**Врз основа на член 211 став 1 и 2 и член 212 став 1, став 2, став 5 став 6 и став 7 од** Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 , 236/22 и 65/23), а по добиена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-10074/2 од 03.12.2024 год. заведена со наш број 0401-3926 од 03.12.2024 година архивски број на Министерство за социјална политика демографија и млади бр.04-6388/3 од 03.12.2024 г. **Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово објавува:**

**ИНТЕРЕН ОГЛАС** (01/2024)
за пополнување на слободни работни места со унапредување на еден извршител давател на јавна услуга во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, објавува интерен оглас за унапредување на еден извршител на следната позиција:

1. Економист - стручен службеник од IV ниво, шифра на работно место СОЗ0303А04008, **(1) извршител** во Служба за права на парична помош за општина Куманово и Старо Нагоричане -Оддел за права на парична помош –Општина Старо Нагоричане и дел од општина Куманово.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово и Законот за социјална заштита:

Општите услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;

Секој кандидат треба да ги исполнува следните посебни услови утврдени со Законот за социјална заштита и Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово:

- **За Економист,** за нивото А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство (Економски науки ) .
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Општи работни компетенции на средно ниво се:

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- финасиско управување,

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

Распоред на работно време: работни часови во неделата- 40, работно време од понеделник до петок со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8 :30 часот и завршеток на истото помеѓу 15 :30 и 16:30 часот.
Паричниот износ на основната нето плата изнесува **34.339 денари**.

На интерниот оглас може да се јави давател на јавна услуга, вработен во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во закон и актот за систематизација, како и :

- да е оценет со оцена „4" или „5 " при последното оценување,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка по овој оглас.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува **3 работни дена** сметано од денот на објавувањето на интерниот оглас. Условите наведени во интерниот оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Кандидатите со уредна документација кои ги исполнуваат потребните услови ќе бидат повикани на интервју во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.
Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција на кандидати за давател на јавни услуги формирана од страна на Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:
-Уверение за државјанство;
-Доказ за општа здравствена способност;
-Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
-Доказ за соодветното работно искуство;
-Доказ – Диплома/Уверение за завршено образование;
-Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Овој интерен оглас се објавува истовремено на веб страницата и на огласната табла на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Пријавата со потребната документација треба да се достави преку архива на: ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, ул.Тодор Велков бр.4, Куманово до организационална единица за управување со човечки ресурси.

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

Директор
Александра Арсовска


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
www.jumcsrkumanovo.com.mk